**Општинско основно училиште**

**" Стив Наумов"- Скопје**

# Д Е Л О В Н И К

**за работа на Училишниот одбор**

**Скопје**

**2019**

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование (пречистен текст ) Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година и член 66 и 67 од Статутот на Општинско Основното училиште " Стив Наумов"- Скопје,Училишниот одбор на седницата одржана на ден 03.10.2019 година,го донесе следниов

**Д Е Л О В Н И К**

**за работа на Училишниот одбор при општинско основното училиште**

**" Стив Наумов"- Скопје**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредуваат работењето, бројот и начинот на избор на членовите, нивниот мандат и надлежностите, како и организацијата на работата на Училишниот одбор.

Член 2

Училишниот одбор е орган на управување во училиштето.

Член 3

Училишниот одбор е составен од 7(седум) члена и тоа:

- тројца претставници од наставниците, стручните соработници и воспитувачите од училиштето
- тројца претставници од родителите на учениците и
- еден претставник од основачот

Член 4

Претставниците од наставниците, стручните соработници и воспитувачите во Училишниот одбор ги избира Наставничкиот совет со тајно гласање.

Претставниците на родителите односно старателите ги избира Советот на родителите со тајно гласање.

Претставниците од родителите на учениците и основачот не можат да бидат бирани од редот на вработените во училиштето.

Член 5

Членовите на Училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава.

Член 6

На седниците на Училишниот одбор, се покануваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од Ученичкиот парламент. Претставниците на Училишната заедница се избираат со тајно гласање од Ученичкиот парламент, кое се спроведува на почетокот на секоја учебна година.

Член 7

Мандатот на членовите на Училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

Мандатот на член на Училишен одбор може да престане и пред истекот на истиот и тоа:

- по негово барање;
- со престанок на статутот родител на ученик;
- со отповикување поради неоправдано отсуство на три последователни седници;
- поради непочитување на Законот за основно образование, Статутот на училиштето, одлуките на Училишниот одбор или укажување на органот кој го именувал.

Разрешувањето на член на Училишен одбор го врши органот кој го именувал.

Член 8

На првата конституивна седница на Училишниот одбор се избира претседател, заменик претседател и записничар.

Член 9

Училишниот одбор од редот на своите членови - претставници од родителите, односно старателите избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.

Записничар е секретарот на училиштето а по потреба се определува и од членовите именувани од Наставничкиот совет.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

### Член 10

Надлежности на Училишниот одбор согласно Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година):

- донесува статут на основното училиште;

- предлага годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до советот на општината, а државните основни училишта до Министерството;

- донесува развојна програма на училиштето;

- предлага финансиски план до основачот;

- предлага завршна сметка до основачот;

- изготвува акционен план за подобрување на работата на училиштето по извршена интегрална евалуација од страна на Државен просветен инспекторат;

- објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик;

- врши интервју со кандидатите за директор;

- предлага на градоначалникот на општината односно на министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор;

- учествува во постапката за разрешување на директор доколку постојат основи за престанок на мандатот на директорот согласно член 116 и 117 од Законот за основно образование;

- дава предлог до директорот за избор на наставници и стручни соработници;

- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште;

- одлучува по жалбите на ученици, родители/старатели на ученици;

- врши и други работи утврдени со статутот на основното училиште

Училишниот одбор на основното училиште за поднесените жалби мора да одлучи во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

Доколку подносителот на жалба е член на Училишниот одбор истиот се иззема од процесот на одлучување по жалбата.

Надлежности согласно Законот за наставници(Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година):

- наставниците ги избира директорот на училиштето по предлог на Училишниот одбор

- кога на јавниот оглас ќе се јават повеќе кандидати, Училишниот одбор при изготвувањето на предлогот задолжително треба да даде предност на наставниците кои имаат повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии

- донесува одлука за пофалба и/или награда на наставник и стручен соработник кој покажува исклучителни резултати во работата и афирмацијата на училиштето и професијата на предлог на Наставничкиот совет, а по претходно добиено мислење од Ученичката заедница, Советот на родители и директорот на училиштето;

- разгледува иницијативи за преиспитување на работата на наставникот и стручниот соработник кој не покажува задоволителни резултати или потешко ги нарушува стандардите на професионално однесување поднесени од Бирото, Центарот, Советот на родители или Државниот просветен инспекторат;

- донесува одлука за определување дополнителна стручна помошна наставникот и стручниот соработник;

- дава предлог до директорот на училиштето за намалување на платата на наставникот и стручниот соработник во износ од 1/3 од последната исплатена плата;

- дава предлог до директорот за престанок на работниот однос на наставникот и стручниот соработник;

- донесува Етичкиот кодекс за наставниците и стручните соработници

## РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Член 11

Училишниот одбор работи на седници и се свикува по потреба.

Член 12

Седниците на Училишниот одбор ги свикува претседателот, а во негово отсуство неговиот заменик и тоа:

- на своја иницијатива;
- по барање на директорот на училиштето;
- по барање на една третина од вкупниот број на членови на Училишниот одбор
- по барање на една третина од вкупниот број на вработени во училиштето;
- по барање на Советот на родители на училиштето

Член 13

Доколу претседателот на училишниот одбор не свика седница во рок од осум дена, седницата на Училишниот одбор ја свикува директорот на училиштето.

Член 14

Седницата на училишниот одбор се свикува со покана по електронски пат. Претседателот на училишниот одбор во итни случаи седницата може да ја свика усно.

Член 15

На седниците на училишниот одбор задолжително се покануваат сите негови членови. Членот на училишен одбор кој е спречен да присуствува на седницата е должен навремено (најдоцна 24 часа за редовна седница) да го извести претседателот за причините за своето отсуство.

Член 16

Поканата за седницата на Училишниот одбор со предлог на дневен ред и материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата, како и записникот од претходната седница им се доставуваат на членовите на Училишниот одбор по правило три дена пред денот определен за одржување на седницата.

Член 17

Претседателот на Училишниот одбор подготвува предлог на дневниот ред за седницата. Во составување на предлог на дневниот ред и подготвување на материјал за седница на Училишниот одборна претседателот учествува и

секретарот на училиштето, а по потреба и останатите членови на Училишниот одбор.

Член 18

Директорот на училиштето не учествува во работата на Училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето може да биде поканет од страна на претседателот на Училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на Училишниот одбор.

Член 19

При составување на предлог дневен ред треба да се води сметка за следното:

- во дневниот ред да се внесат прашањата кои по закон и статут спаѓаат во надлежност на Училишниот одбор, а потоа и други прашања, но само доколку за тоа постои оправдана потреба;

- дневниот ред да ги опфати прашањата кои во моментот на одржување на седницата се најактуелни за работа на Училишниот одбор и училиштето во целина;

- дневниот ред да не биде премногу обемен за да може сите предвидени точки од дневниот ред да се опфатат на таа седница.

Член 20

Секој член на Училишниот одбор има право да предложи измени и дополнувања на дневниот ред и за тие мора да се одлучи пред преминување на дневниот ред.

Член 21

Во случај кога претседателот на Училишниот одбор ќе процени дека поедини материјали за седницата од објективни причини не можат да бидат умножени, а учесниците на седницата во текот на подготовката на тие материјали се запознати со нивната содржина низ јавна дискусија (општи акти, анализи, програми и планови за развој и сл.) тие материјали како прилози во поканата нема да се доставуваат, но ќе се посочи изворот каде можат да се најдат за разгледување на истите до почетокот на седницата на Училишниот одбор.

Член 22

На седницата на Училишниот одбор претседава претседателот на Училишниот одбор.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот, на седницата претседава заменикот на претседателот на Училишниот одбор или по негово овластување друг член на Училишниот одбор.

Член23

Училишниот одбор заседава само доколку на седницата присуствуваат мнозинство членови на Училишниот одбор .

Врз основа на извештајот од записничарот, претседавачот на седницата објавува колку членови се присутни и дали Училишниот одбор може да заседава и полноважно да одлучува.

Член 24

Доколку претседателот на Училишниот одбор утврди дека на седницата присуствуваат помалку членови од потребното мнозинство го одложува почетокот на седницата за 15 минути, после времето одредено за почеток на седницата.

Ако по истекот на дополнителното време го нема потребниот број на членови, работата на седницата ја одложува со тоа што ги известува присутните дека наредната седница ќе биде закажана по писмен пат.

Член 25

Работата на седницата се одвива според утврдениот дневниот ред. Училишниот одбор го утврдува дневниот ред на почетокот на седницата по предлог на претседателот.

Член 26

По утврдување на дневниот ред за седницата на предлог на претседателот се усвојува записникот од претходната седница на Училишниот одбор.

Секој член на Училишниот одбор има право да изнесе забелешки на записникот од претходната седница на Училишниот одбор.

Записникот на кој не се ставени забелешки, односно записникот на кој се извршени измени со потребната согласност, се смета за усвоен.

Член 27

По утврдувањето на дневниот ред и записникот се преминува на разгледување на прашањата утврдени со дневниот ред.

По секоја точка збор се дава прво на известувачот, односно предлагачот, а потоа се отвара јавна расправа.

Во расправата покрај членовите на Училишниот одбор учествуваат и поканетите претставници по прашање од дневниот ред за кои се поканети на седницата, без право на одлучување.

Дискусијата по секое прашање од дневниот ред ја заклучува претседавачот откако ќе утврди дека веќе нема пријавени за збор по тоа прашање.

Член 28

Доколку претседателот процени дека за конкретна точка од дневниот ред, може да се случи да се води поширока расправа, како и дека се пријавиле повеќе лица за дискусија, може да даде предлог на членовите на Училишниот одбор да се изјаснат за временско ограничување на јавната расправа.

Член 29

Член на Училишниот одбор кој сака да учествува во дискусија мора претходно да побара одобрение од претседавачот. За едно прашање член на Училишен одбор може да говори само еднаш, избегнувајки опширност и повторување.

Повеќе пати во расправата може да учествува известувачот, односно предлагачот, доколку е потребно да се дадат одговори или дополнителни образложенија во врска со прашањата на учесниците во расправата или во врска со давањето спротивен предлог од наведениот.

Член 30

Одлуките на Училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови по завршување на дискусијата за одредената точка.

Член 31

Член на Училишниот одбор кој не се согласува со утврдениот предлог и мислење, со усвоениот заклучок, односно со донесената одлука, може да го издвои своето мислење и има право да бара неговото мислење да се внесе во записникот.

Член 32

Гласањето се врши јавно (со подигање рака), со тајно гласање или по пат на прозивање (по принципот за, против или воздражан).

Член 33

Кога за одредено прашање има два или повеќе предлози претседателот ги става на гласање сите предлози по ред како што се поднесени.

Доколку за два или повеќе предлози гласале мнозинството од вкупниот број на членови, за усвоен се смета оној предлог за кој се изјасниле најголем број на членовите.

Член 34

Пребројувањето на гласовите го врши записничарот, а по барање на поедини членовитоа може да се повтори и тоа на начин со кој ќе се овозможи контрола на пребројувањето од страна на учесниците на седницата.

Член 35

Доколку за одреден предлог не се изјасни потребното мнозинство од членовите на Училишниот одбор, претседателот е овластен да даде предлог до членовите на Училишниот одбор гласањетода се повтори. Доколку предлогот за повторување на гласањето биде усвоен, се дава кратка пауза за евентуално усогласување на ставовите по тоа прашање.

По истекот на паузата,дадениот предлог по одредена точка од дневниот ред се става на повторно гласање.

Ако не се усвои предлогот за повторување на гласањето или по паузата не се постигне потребното мнозинство за усвојување на предлогот, претседателот на Училишниот одбор објавува дека предлоготне е прифатен и дека нема одлука,односно заклучок по однос на предлогот за решавање на одредено прашање.

Член 36

Училишниот одбор може да одлучи седницата да се прекине ако се утврди дека не можат да се разгледаатсите прашања предвидени со дневниот ред. Во тој случај веднаш се одредува ден за одржување продолжеток на седницата.

Член 37

Откако ќе се утврди дека сите точки утврдени со дневниот ред се исцрпени, дискусијата се заклучува и претседавачот ја завршува седницата.

Член 38

Претседавачот има исклучиво право за одржување ред на седниците. Освен претседавачот, никој нема право да прекинува учесник во дискусија

Член 39

Поради повреда на редот на седницата на членовите на Училишниот одбор може да им се изречат следните мерки:

а) опомена;

б) записничарска опомена на ред;

в) одземање збор, и

г) отстранување од седницата.

Мерките под а), б), и в ), ги изрекува претседавачот, а под г), Училишниот одбор на предлог на претседавачот или останатите членови.

Член 40

Опомена се изрекува на оној член на Училишниот одбор кој со своето однесување на седницата го нарушува редот, а записничарска опомена кога и после оваа опомена истиот продолжува да го нарушува редот.

Член 41

Членот на Училишниот одбор кој продолжува со попречување на седницата и покрај изречените опомени му се одзема правото на збор, а потоа се отстранува од седницата .

Отсранувањето од седницата се однесува само за седницата на која е донесена мерката отстранување.

Исклучениот член од Училишниот одбор мора веднаш да ја напушти седницата.

Член 42

Доколку  редот на седницата го нарушува лице кое не е член на Училишниот одбор, истото се оддалечува од седницата после првата опомена.

Член 43

За работа на седницата на Училишниот одбор се води записник .

За изготвување на зиписникот и за чување на оригиналите на записниците од седниците на Училишниот одбор како документација од трајна вредност се грижи секретарот на училиштето.

Член 44

Записникот од седницата на Училишниот одбор задолжително содржи:

- реден број на седницата;

- место,дата и време на одржување;

- име на претседавачот и записничарот;

- имиња на отсутните и присутните членови (се наведува кој е оправдано отсутен и кој не го најавил своето отсуство) ;

- имиња на присутните лица кои не се членови на Училишниот одбор;

- констатација дека на седницата присуствуваат потребен број на членови на Училишниот одбор за полноважно одлучување;

- усвоен дневен ред ;

- формулација на одлуките за кој се гласало;

- заклучоците донесени по поедини точки од дневниот ред со назначен број на гласови за предлогот, против предлогот и бројот на воздржани гласови или издвоени мислења;

- време кога завршила седницата или кога била прекината и

- потпис на претседавачот и записничарот.

Во записникот се внесуваат и изјави за кои поедини членови инсистираат да бидат внесени, како и други околности за кои Училишниот одбор донесува одлука.

Член 45

Доколу записникот се состои од повеќе листови, секоја страна ја парафира записничарот и претседавачот .

Измени и дополнувања во записникот се прават само со одлука на Училишниот одбор при негово усвојување.

Член 46

Записникот усвоен од седниците на Училишниот одбор го потпишува претседателот и и секретарот/записничарот на училиштето.

Член 47

Директорот на училиштето се грижи за извршување на донесените одлуки.

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ЧЛЕНОВИТЕ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Член 48

Претседателот на Училишниот одбор ја организира работата на Училишниот одбор.

Претседателот на Училишниот одбор покренува иницијатива за разгледување на одредени прашања од надлежност на Училишниот одбор, свикува седници на училишниот одбор, предлага дневен ред за седницата на Училишниот одбор, претседава на седницата и врши други работи утврдени со овој деловник и Статутот на училиштето.

Член 49

Членот на Училишниот одбор ги има следните права и должности:

- да присуствува на седниците на Училишниот одбор и да учествува во нивната работа и  одлучување;

- да покренува прашања и бара објаснување по прашањата од делокругот на Училишниот одбор  на неговите седници

- да биде редовно и навреме известуван за сите прашања чие познавање му е потребно за вршење на функција член во Училишниот одбор и

- да покренува иницијатива за унапредување на методот на работа на Училишниот одбор

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 50

Измени и дополнување на овој деловник се врши на начин и постапка како и за неговото донесување.

Член 51

Предлог за измени и дополнувања на овој деловник може да поднесе секој член на Училишниот одбор.

Член 52

Овој Деловник стапува на сила на денот на неговото донесување.

Бр.______2019 год.

ООУ „Стив Наумов"- Скопје

Претседател

______________________________

/  Билјана Теовска/